РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 18.07.2024 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 10 | 3109/1 | | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23 и 55/24), се доставува:

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип

3. **Период опфатен со надзорот:** 01.01.2023 до 31.12 2023 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 18 јули 2024 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 91 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (телевизиските радиодифузери кои емитуваат телевизиски програмски сервиси на државно ниво, тогаш кога е изводливо и со соодветни средства треба да обезбедат најмалку 51% од вкупно емитуваните програми во текот на годината да бидат европски аудиовизуелни дела при што не се смета времето одвоено за вести, спортски настани, игри, рекламирање, телетекст и телешопинг услуги).

   - **Правилник за емитување европски аудиовизуелни дела и дела од независни продуценти** („Службен весник на Република Македонија“ бр.180/14)

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

   Со редовниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, емитуван на државно ниво, е констатирано дека во текот на 2023 година, ја исполни обврската од член 91 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, најмалку 51% од вкупно емитуваните програми во текот на годината да бидат европски аудиовизуелни дела.

Од доставениот Образец за европски аудиовизуелни дела и европски дела од независни продуценти (наш арх. број 03-1561/1 од 29.03.2024 година), беше констатирано дека Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, во текот на 2023 година има емитувано 65.17% европски аудиовизуелни дела.

**8. Опис на прекршувањето: /**

**9. Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***